Врз основа на член 41-а алинеја 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр.7/05, 103/08, 124/10, 135/11 и и 43/2014), директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци донесе

**У П А Т С Т В О**

**за дополнување на Упатството за начинот на користење, чување, одржување и евиденција на движните ствари на Дирекцијата за заштита на личните податоци**

**Член 1**

Во Упатството за начинот на користење, чување, одржување и евиденција на движните ствари на Дирекцијата за заштита на личните податоци бр.01-1190/1 од 21.06.2011 година во точката 2 по зборот „странство" се додаваат зборовите „како и резервни делови, ситен инвентар и амбалажа".

**Член 2**

По точката 10 се додава нова точка 10-а која гласи:

„10-а. Одредбите од точките 5, 6, 8 и 10 на ова упатство не се однесуваат на издадените резервни делови, ситен инвентар и амбалажа".

**Член 3**

По точката 11 се додава нова точка 11-а која гласи:

„11-а. Примањето и издавањето на движните ствари-основните средства овластеното лице го евидентира во софтверот за основни средства, а останатите материјали во софтверот за материјално работење.

За количини на движни ствари од резерните делови, ситниот инвентар и амбалажа помалку од 10 парчиња, издавањето се врши на барање на вработените по електронска пошта и потврда повторно по електронска пошта од овластеното лице дека е извршено издавање на бараната количина."

**Член 4**

Ова упатство влегува во сила со денот на донесувањето.

ДИРЕКТОР,
ДИМИТАР ЃЕОРЃИЕВСКИ

Бр. 02-895/1
14.03.2014 година
Скопје

Доставено до:
- Архивата
- Одделението за финансиски прашања